# Модна ревија



**НАСТАВНИЦИ РЕАЛИЗАТОРИ: СЛАВИЦА НЕГРИЕСКА И ШПРЕСА ЌУРА, СОУ „НИКО НЕСТОР“ – СТРУГА**

**Година и предмет**
Втора година (10 ученици – 5 МАК и 5 АЛБ)
Текстилно-кожарска струка – практична настава

**Тема од наставната програма и наставна единица**
Дизајнирање на облека, креирање и дизајнирање на екомодели и практична реализација

**Преглед на активноста**
Учениците изработуваат модели од рециклирани материјали по повод интерниот натпревар во модни креации „TRASH FASHION“. На првата средба учениците во мешан состав се запознаваат со проектната задача и изработката на 20 екомодели што ќе бидат презентирани на модна ревија. Се дискутира за видот на моделите што ќе се изработуваат, за материјалите што ќе се користат, за изборот на ученички кои ќе бидат во улога на манекенки за да може учениците – модни креатори, согласно нивните димензии да ги креираат и да ги дизајнираат моделите, од каде ќе користат информации и идеи. Учениците нудат креативни и иновативни решенија за изгледот на моделите и одлуките ги носат заеднички. Потоа учениците истражуваат на интернет за дизјанот на моделите, изработуваат скици, селектираат материјал потребен за изработување на моделите. Во текот на работата учениците се во постојана комуникација преку социјалните мрежи и прават размена на информациите. По направените подготовки се отпочна со изработка на моделите, се поделија меѓусебно задачите. Потоа следуваше фаза на проби на манекенките, корекции на моделите, меѓусебни консултации со цел моделите да изгледаат беспрекорно. На крај учениците ја осмислија кореографијата и музиката за модната ревија. Изработените екомодели беа презентирани на завршната модна ревија во присуство на родители, гости, претставници од локалната заедница, бизнис-секторот и др. Се испрати пораката за подигнување на свеста за поздрава и почиста средина преку рециклирање на стар отпад. Задоволството кај учениците беше големо затоа што
целта ја постигнаа работејќи со своите другари од друга етничка група, почитувајќи се едни со други и учејќи едни од други, со изразен мотив ваквите активности да продолжат во иднина.



# Sfilata mode

**MËSIMDHËNËS REALIZUES: SLLAVICA NEGRIESKA DHE SHPRESA QURA, SHMK “NIKO NESTP” – STRUGË**

**Viti dhe lënda**
Viti i dytë (10 nxënës – 5 MAQ dhe 5 SHQ)
Drejtimi tekstil-lëkurë, mësimi praktik

**Tema nga programi mësimor dhe njësia mësimore**
Disenjimi i teshave, krijimi dhe disejnimi i eko-modeleve dhe realizimi praktik

**Pasqyra e aktivitetit**
Nxënësit punojnë modele nga materiale të recikluara me rastin e garave interne në krijimet e modës “TRASH FASHION”. Në takimin e parë nxënësit në përbërje të përzier njihen me detyrën projektuese dhe me punimin e 20 eko-modeleve që do të prezantohen në sfilatën e modës. Diskutohet për llojin e modeleve që do të përgatiten, për materialet që do të shfrytëzohen, për zgjedhjen e nxënësve që do të jenë në rolin e manekinëve që të mund nxënësit – kreatorë të modës, në pajtim me dimensionet e tyre, të bëjnë kreacionin dhe disenjimin e modeleve, prej ku do të shfrytëzojnë informatat dhe idetë. Nxënësit ofrojnë zgjidhje kreative dhe inovative për pamjen e modeleve dhe vendimet i marrin bashkë. Pastaj nxënësit bëjnë kërkim në internet për disenjin e modeleve, përpilojnë skica, e përzgjedhin materialin e nevojshëm për punimin e modeleve. Gjatë punës nxënësit janë në komunikim të vazhdueshëm përmes rrjeteve sociale dhe bëjnë shkëmbimin e informatave. Pasi u bënë përgatitjet, filloi punimi i modeleve, u ndanë detyrat në mënyrë të ndërsjellë. Pastaj vijoi faza e provave të manekineve, korrigjimi i modeleve, konsultimet e ndërsjella, me qëllim që modelet të duken sa më të mira. Në fund nxënësit e menduan koreografinë dhe muzikën për sfilatën e modës. Eko-modelet e punuara u prezantuan në sfilatën përfundimtare të modës në prani të prindërve, mysafirëve, përfaqësuesve nga komuniteti lokal, nga biznes-sektori etj. U dërgua porosia për ngritjen e vetëdijes për një mjedis më të shëndoshë dhe më të pastër përmes reciklimit të hedhurinave të vjetra. Kënaqësia te nxënësit ishte e madhe, për shkak se qëllimin e arritën duke punuar me shokët e tyre nga një grup tjetër etnik, duke u respektuar me njëri-tjetrin dhe duke mësuar prej njëri-tjetrit, me motiv të shprehur që aktivitetet e këtilla të vazhdojnë në të ardhmen.



Through Innovation to a Better Integration

Festival of Innovative Practices
for Interethnic Integration in Education